**Известување за концентрација со која Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. Округ Чаојанг Пекинг, Кина, БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. Шенјанг Провинција Лиаонинг, Кина и Серес Груп Ко., Лтд. Округ Шапингба, Чонгќинг, Кина ќе стекнат заедничка контрола над Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд. Округ Чаојанг, Пекинг, Кина**
**(предмет бр. 08-113/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. (Mercedes-Benz Group China Ltd.)** со регистрирано седиште на Апартман 2301, 20ти кат, Кула 3, Улица Вангџинг бр. 8 Округ Чаојанг, Пекинг, Кина, **БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. (BMW Brilliance Automotive Ltd.)** со регистрирано седиште на бр.1, Авенија Баома Економска и технолошка развојна зона Шенјанг, Шенјанг Провинција Лиаонинг, Кина и **Серес Груп Ко., Лтд. (Seres Group Co., Ltd.)** со регистрирано седиште на бр. 7, улица Вујунху Округ Шапингба, Чонгќинг, Кина ќе стекнат заедничка контрола над **Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд. (Beijing IONCHI New Energy Technology Co., Ltd.)** со регистрирано седиште на Катови 1 до 10, Соба 101, 8ми кат, Зграда бр. 2 Роуд Лу Зи Жуанг бр. 36, Округ Чаојанг, Пекинг, Кина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд.** е глобална автомобилска групација која развива, произведува и пласира на пазарот патнички автомобили, вклучувајќи ги и возилата под брендовите Мерцедес-Бенц (Mercedes-Benz), Мерцедес-АМГ (Mercedes-AMG) и Мерцедес-Мејбах (Mercedes-Maybach). Други активности на Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. вклучуваат производство и маркетинг на комбиња и обезбедување финансиски услуги, како што се финансирање, лизинг, осигурување, управување со возен парк и банкарство, како и услуги за мобилност.

Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија. Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. работи во Република Северна Македонија преку независен дистрибутер.

**БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд.** е еден од најуспешните производители на патнички автомобили и мотоцикли во светот, со седиште во Минхен, Германија. Главните трговски марки на БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. вклучуваат БМВ (BMW), МИНИ (MINI), Ролс-Ројс (Rolls-Royce) и БМВ-Моторрад (BMW Motorrad). Патничките автомобили вклучуваат плаг-ин хибридни возила (анг. plug-in hybrid vehicles) и електрични возила.

БМВ БрилијансАутомотив Лтд. нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија. БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. работи во Република Северна Македонија преку независен дистрибутер.

**Серес Груп Ко., Лтд.** е технолошки ориентирана автомобилска компанија со возила на нов енергетски погон (анг. new energy vehicles) како основна дејност и моментално е котирано и на пазарите на акции од класата А (анг. A-share) и на пазарите на акции од класата Х (анг.

H-share). Деловното работење на Серес Груп Ко., Лтд. опфаќа истражување и развој, производство, продажба и услуги на возила на нов енергетски погон и основни компоненти за возила на нов енергетски погон.

**Серес Груп Ко., Лтд.** нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија. Во 2025 година, Серес Груп Ко., Лтд. првенствено се занимаваше со извоз на комплетни возила во Република Северна Македонија (директно до локални дистрибутери).

**Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд.** е основано како заедничко вложување помеѓу Мерцедес-Бенц Груп Чајна Лтд. и БМВ БрилијансАутомотив Лтд. во март 2024 година. Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд. управува со јавна инфраструктура за полнење со голема моќност и мрежа за услуги за полнење за возила на нов енергетски погон во Кина. Сместено во Пекинг, Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд. обезбедува 100% полнење со обновлива електрична енергија за возила на нов енергетски погон.

Пекинг ИОНЧИ Њу Енерџи Технолоџи Ко., Лтд. нема присуство и нема деловни активности во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.07.2026 година
Скопје